# „Им помагаше на своите во домашните работи – односно им служеше – а кога ќе настапеше времето за намаз, излегуваше да клања.“

Ел-Есвед бин Језид раскажува: Ја прашав Аиша, Аллах нека е задоволен со неа: „Што правеше Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, во својот дом?“ Таа одговори: „Им помагаше на своите во домашните работи – односно им служеше – а кога ќе настапеше времето за намаз, излегуваше да клања.“
[صحيح] [رواه البخاري]

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, била прашана за тоа како Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, се однесувал во својот дом и што работел таму. Таа одговори: „Беше човек како и сите други – ги извршуваше работите што ги прават мажите во своите домови: сам си служеше себеси а им служеше и на своите, ја молзеше овцата, ја крпеше облеката, ги поправаше сандалите и ја лепеше кофата. А кога ќе се проучеше икаметот за намаз, веднаш излегуваше да клања, без одлагање.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6220